УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
GOCE DELCEV UNIVERSITY IN STIP, FACULTY OF LAW
УНИВЕРСИТЕТ ИМ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВА, ЮРИДИЧЕСКИЙ ФАКУЛЬТЕТ

ШЕСТАТА МЕЃУНАРОДНА
НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА
SIXTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE
ШЕСТОЙ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
PROCEEDINGS
СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ

ШТИП, 2019
STIP, 2019

Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Правен факултет
Штип, Република С. Македонија

ШЕСТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Штип, 2019

Goce Delcev University in Shtip, Faculty of Law
Shtip, Republic of N. Macedonia

SIXTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE



SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

PROCEEDINGS

Shtip, 2019

Университет им. Гоце Делчева, Юридический факультет
Штип, Республика С. Македония

ШЕСТОЙ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ
КОНФЕРЕНЦИЯ

СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ

Штип, 2019

Sixth International Scientific Conference: SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD © 2019 Copyright Goce Delcev University in Shtip, Republic of N. Macedonia. Address: Goce Delcev University, Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Misirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. N. Macedonia. www.ugd.edu.mk;

Печати / Print 2-ри Август-Штип / 2- ri Avgust- Shtip
Уредник: Марија Амповска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција (6 ; 2019 ; Штип)
Општествените промени во глобалниот свет : зборник на трудови / Шеста меѓународна научна конференција = Social change in the global world : proceedings / Sixth international scientific conference = Социальные изменения в глобальном мире : сборник материалов / Шестой международная научная конференция. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет ; Shtip : Goce Delcev University, Faculty of law, 2019. - 1062 стр. : илустр. ; 25 см

Трудови на повеќе јазици. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-647-9

а) Општествени промени - Свет - Собири
COBISS.MK-ID 110919178

- All manuscripts were subject of double – blind peer - review process.

- No responsibility can be accepted by the publisher or compilers for the accuracy of the information presented. The expressed opinions are of the authors and does not necessarily coincide with the views of the Program Committee and the Organizational Committee of the conference.
- The UDK numbers for each of the manuscripts are contained in the electronic version of the proceedings, available on: http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw

Организациски комитет / Organizational Committee/ Организационный комитет конференции

Marija Ampovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk

Milica Sutova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia, milica.sutova@ugd.edu.mk

Natasa Doneva LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia

Програмски комитет / Program Committee / Программный комитет конференции

Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk

Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org

Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk

Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be

Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk

Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk

Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru

Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com

Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com

Ice Ilijevski, PhD, Faculty of security – Skopje, University St. Kliment Ohridski – Bitola, iilijevski@fb.uklo.edu.mk

Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk

Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr

Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk

James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com

Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University “Goce Delcev”- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk
Jovan Zafiroski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, j.zafiroski@pf.ukim.edu.mk
Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk
Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl
Marija Ampovska, PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk
Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs
Migena Leskoviku Prof. Dr, University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com
Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru
Nikolai Baranov PhD, Baltic State Technical University Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru
Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be
Novak Krstić, PhD, Faculty of Law, University of Niš, novak@praf.ni.ac.rs
Olga Koshevaliska PhD, University “Goce Delcev”- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk
Ruzica Simic Banovic, PhD, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr
Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, Socio-Human Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com
Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk
Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs
Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk
Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, American University of Ras Al Khaimah, Ras Al Khaimah, UAE, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae
Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr

Tatyana Dronzina, Professor, Political Science Department, St. Kliment Ohridski University of Sofia, dronzina@gmail.com
Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr
Viktoria Serzhanova, Professor, University of Rzeszow, Faculty of Law and Administration, viktoria@ur.edu.pl
Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be
Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru
Zeynep Ece Unsal, PhD, Istanbul Gelisim University, Faculty of Economics Administrative and Social Sciences - Department of Political Science and International Relations, zeunsal@gelisim.edu.tr

TABLE OF CONTENT

LAW…….....9

Agnieszka Wojciechowska
DEVELOPMENT OF EDUCATIONAL RIGHTS OF MIGRATING CHILDREN IN THE LIGHT OF FINANCIAL SOLIDARITY OF EUROPEAN UNION MEMBER STATES……..11

Aleksandra Gruevska Drakulevski
TRAFFIC DELIQUENCY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN THE PERIOD 2010-2017: CRIMINOLOGICAL ASPECTS.....23

Aleksandra Pavićević
RIGHT OF RETENTION OF POSSESSION AS A REAL RIGHT OF ENSURING THE CLAIM IN SERBIAN AND COMPARATIVE LAW.....53

Ana Radina
THE CHANGES IN THE MATRIMONIAL PROPERTY REGIME IN CROATIA – THE UNFINISHED QUEST FOR IMPROVEMENT.....65

Anđelija Tasić
COMPARATOR AS THE ELEMENT OF DISCRIMINATION - IS THE THEORETICAL CONCEPT RECOGNIZED IN SERBIAN CASE LAW?.....77

Angel Ristov
ON THE NEED FOR REFORMS IN THE MACEDONIAN MARITAL PROPERTY REGIME……..83

Angela Zubco
OPPORTNITIES AND PERSPECTIVES ON THE APPLICATION OF MEDIATION IN THE ACTIVITY OF PUBLIC ADMINISTRATION.....99

Anton Petričević
MIGRATIONS AND THE RIGHT TO EMPLOYMENT OF FOREIGNERS IN THE REPUBLIC OF CROATIA……...107

Biljana Činčurak Erceg
INLAND WATERWAYS TRANSPORT IN THE EUROPEAN UNION - FLOWING OR STILL STANDING?…….123

Biljana Todorova
SOCIAL PROTECTION OF EMPLOYED WOMEN DURING PREGNANCY AND MATERNITY LEAVE…….137

Darko Dimovski, Milica Stanković, Miomira Kostić
STALKING – THE CHALLENGES OF NEW INCRIMINATION……153

Dimitar Apasiev
THE ROLE AND SIGNIFICANCE OF THE STATE ATTORNEY'S OFFICE IN THE MACEDONIAN JUSTICE SYSTEM – II……....161

Eduard Burda, Lívia Trellová, Lucia Smolková
AMNESTY AND PARDON UNDER THE SLOVAK LAW AND THEIR UNIQUE STORY ……..……..175

Elena Maksimova, Dejan Marolov
THE STANDARDS OF THE EUROPEAN CONVENTION ON HUMAN RIGHTS REGARDING THE PROHIBITION OF TORUTURE, INHUMAN OR DEGRADING TREATMENT OR PUNISHMENT…….……187

Esin Kranli Bajram
THE TESTAMENTI FACTIO ACTIVA ET PASSIVA IN ROMAN AND CONTEMPORARY LAW.....……..207

Givi Abashidze
PROSECUTOR'S DISCRETIONARY POWERS ON CARRYING OUT CRIMINAL PROSECUTION (Georgian Model of Discretionary Criminal Prosecution)……225

Goran Jovanić, Vera Petrović
LIFELONG SEGREGATION BY PRISON SENTENCE – PROS AND CONS……..233

Goran Koevski, Borka Tusevska Gavrilovik, Darko Spasevski
ESTABLISHING OF SPECIALIZED COMMERICAL COURTS AS ALTERNATIVE FOR REDEFINING OF THE COURT SYSTEM OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA……...247

Gordana Damjanović, Danijela Petrović
COMPENSATION FOR DAMAGES TO COPYRIGHT INFRINGEMENT…….263

Ilia A. Vasilyev
UEFA FINANCIAL FAIR PLAY AS COMPLIANCE WITH THE OBJECTIVES OF FOOTBALL CLUBS' FINANCIAL STABILITY AND THE INTEGRITY OF THE COMPETITION ……..……..273

Ivana Šumanovska-Spasovska
ENFORCEMENT OF ADMINISTRATIVE VERDICTS - NOVELTIES AND CHALLENGES –…….283

Ivanka Vasilevska
CREATING NATIONAL GERMANY: HISTORY, POLITICS AND LAW…….299

Ivica Josifovic
THE EUROPEAN ARREST WARRANT AND THE PROTECTION OF FUNDAMENTAL RIGHTS: THE FAMOUS JUDGMENT IN ARANYOSI AND CALDARARU CASE….311

Jadranka Denkova, Jovan Ananiev, Strasko Stojanovski
RESPONSIBILITY OF ADMINISTRATION BASIC PRINCIPLE IN THE ADMINISTRATIVE PROCEDURE……323

Jasmina Cvetanoska
AGGRESSIVE TAX PLANNING - A CHALLENGE FOR IMPROVING TAX LEGISLATION…….337

Jasmina Dimitrieva
PROTECTING THE RIGHT TO HEALTH OF PRISON POPULATION……..…..351

Jelena Stojšić Dabetić, Predrag Mirković
SCOPE AND QUALITY OF LEGAL PROTECTION AFFORDED TO COMPUTER PROGRAMS AS OBJECT OF INTELLECTUAL PROPERTY……..365

Katarina Momirović
AGENT PROVOCATEUR - INTERNATIONAL STANDARDS AND NATIONAL REGULATION…….375

Kristine Neimane
REPLACEMENT OF THE INELIGIBLE RESPONDENT - THE PROCEDURAL TOOL FOR EFFICIENCY AND JUSTICE OF THE CIVIL LITIGATION (comparative analyze of civil procedure regulation in the Baltic states and Russian federation) ……..383

Natalia Butusova
CONSTITUTION AS A VALUE AND CONSTITUTIONAL VALUES (ON THE EXAMPLE OF RUSSIA……...397

Natalia Simonova
LAW REGULATIONS IN THE SPHERE OF USING GENETICALLY MODIFIED ORGANISMS ……..….417

Nazmi Malici, Zorica Siljanovska
CORPORATE GOVERNANCE IN THE BRICS COUNTRIES – A CHALLENGE FOR THE GLOBAL ECONOMY .....…427

Olga Koshevalska, Lazar Nanev, Elena Maksimova
COMPARATIVE REFERENCE TO THE WOMEN'S PENITENTIONAL CONDITIONS - CLOSED IN THE COUNTRIES OF THE FORMER YUGOSLAVIA……..…441

UDK 341.44:341.231.14]:341.645.5(4-672ЕУ)

ЕВРОПСКИОТ НАЛОГ ЗА АПСЕЊЕ И ЗАШТИТАТА НА ФУНДАМЕНТАЛНИТЕ ПРАВА: ПОЗНАТАТА ПРЕСУДА ВО СЛУЧАЈОТ ARANYOSI AND CALDARARU

Ивица Јосифовиќ
Вонреден професор
Правен факултет, Универзитет Гоце Делчев – Штип
ivica.josifovik@ugd.edu.mk

Апстракт
Уште од усвојувањето, Рамковната одлука за Европскиот налог за апсење (РОЕНА) е контроверзна, како што извршувањето на Европскиот налог за апсење (ЕНА), согласно принципот на заемно признавање, може да биде во судир со основните човекови права. Се претпоставува дека националните власти на државите-членки на Европската унија (ЕУ) се усогласуваат со правото на правично судење и другите основни права. Како и да е, во пракса оваа претпоставка не е секогаш точна. Исто така, системот на ЕНА предизвика дебати околу недостатокот од доволна заштита на човековите права. Судот на правдата на ЕУ (СПЕУ) не е особено чувствителен околу критиките и бил повеќе загрижен за ефективноста на системот на ЕНА во целина, додека институциите на ЕУ беа целосно свесни при создавањето на системот на ЕНА и го игнорираа прашањето за основните права. РОЕНА содржи одредби за заштита на процедуралните права, но институциите на ЕУ одлучија дека не сите прекршувања на основните права може да бидат основ за неизвршување на ЕНА. Трудот ги претставува личните ставови во однос на ЕНА преку познатата Aranyosi and Caldararu пресуда која упатува на позитивен тренд. По оваа пресуда, СПЕУ започна да дава поголемо значење на човековите права. Пресудата објаснува како СПЕУ различни одредби на РОЕНА и дали и во колкав опсег националните судови ја користат постапката за претходно одлучување во однос на мерките на кривичното право vis-à-vis заштитата на основните права.

Клучни зборови: *Европски налог за апсење, постапка на претходно одлучување, Суд на правда, основни права*

THE EUROPEAN ARREST WARRANT AND THE PROTECTION OF FUNDAMENTAL RIGHTS: THE FAMOUS JUDGMENT IN *ARANYOSI AND CALDARARU CASE*

Ivica Josifovic
Associate Professor
Faculty of Law, University of Goce Delcev – Stip
ivica.josifovik@ugd.edu.mk

Abstract
Since its adoption, the Framework Decision on European Arrest Warrant (FDEAW) is controversial, as the execution of the European Arrest Warrant (EAW) according the mutual recognition principle could be in conflict with the fundamental rights of the concerned person. It is assumed that the national authorities of member-states of the European Union (EU) comply with the right of fair trial and other fundamental rights. However, in practice this assumption does not necessary holds true. Also, the EAW system triggered debates regarding its lack of sufficient protection for human rights. The Court of Justice of the EU (CJEU) did not seem particularly sensitive to the criticism and was more worried about the effectiveness of the EAW system as a whole, while the EU institutions were completely aware when the EAW system was created and ignored the issue of fundamental rights protection. The FDEAW contains provisions for protection of procedural rights and the right of fair trial, but EU institutions decided that not all violations on fundamental rights may justify the non-execution of EAW. The paper presents personal views regarding the EAW through the famous *Aranyosi and Caldararu* case that reveal an upward trend. After this judgment, the CJEU gives more significance to human rights. It explains how the CJEU constructed different FDEAW provisions and whether and to what extent national courts used the preliminary ruling procedure regarding criminal law measures vis-à-vis protection of fundamental rights.

Key words: *European Arrest Warrant, preliminary ruling procedure, Court of Justice, fundamental rights*

Вовед

Во изминативе години, значително се зголеми бројот на постапки по претходно одлучување пред Судот на правдата на Европската унија (СПЕУ) во поглед на мерките од областа на крвичното право. Тоа не е за изненадување и може да се објасни со фактот дека надлежностите на СПЕУ од ноември 2014 година да одлучува во постапки по претходно одлучување од областа на крвичното право веќе не е предмет на претходно прифаќање од државите-членки. Во принцип, сите национални судови сега имаат слобода да се обраќаат до СПЕУ и да добијат појаснување за значењето и валидноста на мерките од кривичното право на ниво на ЕУ.

Повеќето од упатувањата доставени од националните судови до СПЕУ се однесуваат на Рамковната одлука за Европскиот налог за апсење (РОЕНА),[1] која го замени класичниот систем на екстрадиција со поедноставена процедура насочена кон забрзување на предавањето на обвинетото или осудено лице од една во друга држава-членка, според принципот на заемно признавање. Основата на РОЕНА е едноставна: Европскиот налог за апсење (ЕНА) издаден од една државна-членка мора да се изврши во друга држава-членка мора да се изврши во друга држава-членка, освен доколку РОЕНА дозволува или овозможува неизвршување.

Уште од нејзиното основање, РОЕНА е контроверзна, како што извршувањето на ЕНА според принципот на заемно признавање може да биде во конфликт со основните човекови права на засегнатото лице. Се претпоставува дека националните власти на другата држава-членка се во согласност со правото на правично судење и другите основни права. Како и да е, во пракса, оваа претпоставка не мора секогаш да биде и точна.

Институциите на ЕУ беа целосно свесни при создавање на ЕНА системот и го игнорираа прашањето на заштита на човековите права. РОЕНА содржи одредби за заштита на процедуралните права и правото на правично судење, потенцирајќи дека „нема да има ефект на менување на обврската за почитување на основните права“.[2] Како и да е, институциите на ЕУ одлучија дека не сите повреди на основните права може да го оправда неизвршувањето на ЕНА. Повредата на општата заложба за почитување на (другите) основни права не било признаено како посебен основ за неизвршување. Со други зборови, институциите на ЕУ не ги почитуваа сите основни права како предуслов за законска употреба на системот на ЕНА.

Во Унија со сопствена Повелба за основните права (ПОП) и очекувања дека нејзините институции и држави-членки ќе ги почитуваат цитираните права, ова не е непроблематично. Како што заштитата на основните права е меѓу клучните задачи, за очекување е дека СПЕУ внимателно ќе испитува дали РОЕНА и националните одлуки за издавање и извршување на ЕНА, се во согласност со основните права. Како и да е, во првите години на РОЕНА, СПЕУ не покажа волја и бил посебно внимателен да не ја поткопа ефективноста на системот на ЕНА.

1. ЕНА и повреда на фундаменталните права (случајот *Aranyosi and Caldararu*)

ЕНА се однесува на дела за кои е пропишана казна затвор над една година или осуди на казна затвор над четири месеци или наредба за притвор над четири месеци. Основно, ЕНА ги обврзува државите-членки да ги предадат своите државјани и да ја укинат двојната инкриминација за листа на 32 тешки кривични дела.[3] Одлуката на судот со која се наредува лишување од слобода и враќање на лицето заради водење на казнена

[1] Council Framework Decision 2002/584/JHA on the European arrest warrant and the surrender procedures between Member States, OJ L 190/1, 13 June 2002, as amended by Council Framework Decision 2009/299/JHA amending Framework Decisions 2002/584/JHA, 2005/214/JHA, 2006/783/JHA, 2008/909/JHA and 2008/947/ JHA, thereby enhancing the procedural rights of persons and fostering the application of the principle of mutual recognition to decisions rendered in the absence of the person concerned at the trial, OJ L 81/24, 26 February 2009.

[2] Член 1, став 3 од РОЕНА.

[3] Член 2, став 2 од РОЕНА.

постапка, извршување на казна затвор или ставање во притвор се извршува без одлагање од судот на државата во која лицето се наоѓа најдоцна во рок од 90 дена.[4] Но, мошне битно е дека со прифаќањето на овој инструмент доаѓа до отстапување и на еден друг владеачки принцип на екстрадиционото право – забраната на израчување на домашните државјани.

Сепак, РОЕНА не предвидува апсолутно заемно признавање, туку обезбедува серија на исцрпно наведени задолжителни и изборни основи за неизвршување. Накратко, задолжителните основи за неизвршување на ЕНА се однесуваат на дела кои се поврзани со амнестија; за лица кои служат или веќе издржале казна затвор за истото дело; или лица кои не можат да бидат кривично одговорни поради нивната возраст – малолетни лица.[5] Изборните основи за неизвршување се однесуваат на: акти кои не претставуваат кривично дело според правото на државата-извршител; лицето кое е предмет на ЕНА се гони за истото дело во државата-извршител; судските власти на државата-извршител одлучиле или да не го гонат лицето за делото на кое се заснова ЕНА или да ја прекинат постапката или кога е донесена конечна пресуда за бараното лице во држава-членка; кривичното гонење или казна забрането според законодавството на државата-извршител и актите потпаѓаат под јурисдикција на таа држава-членка според нејзиното кривично законодавство; извршниот судски орган е информиран дека бараното лице е конечно осудено од трета држава; ЕНА е издадено за целите на извршување затворска казна или притвор, кога бараното лице престојува или е државјанин или резидент во државата-извршител, а таа држава-членка извршител се обврзала да ја изврши казната или притворот; ЕНА се однесува на кривични дела кои според законодавството на државата-членка извршител се сметаат за сторени на нејзина територија или биле извршени надвор од територијата државата-членка издавач, а законодавството на државата-членка извршител не дозволува гонење за исто кривично дело кога е сторено надвор од нејзината територија.[6]

Произлегува дека основите за неизвршување во РОЕНА не ги покриваат сите повреди на фундаменталните права. Дали ова имплицира дека државите-членки мора да го извршат ЕНА дури и кога е јасно дека бараното лице, по предавањето, може да се соочи со такви повреди? За креаторите на РОЕНА одговорот би бил: да. Тие не се целосно во согласност со фундаменталните права – sine qua non за примена на системот на ЕНА.

Првенствено, СПЕУ го имал истиот одговор. Потврди дека извршувањето на ЕНА може да биде одбиено само на основите наведени во РОЕНА. Уште повеќе, СПЕУ тврдел дека повредата на фундаменталните права признаени со Правото на ЕУ, но кои не се вклучени во РОЕНА, не може да го оправдаат неизвршувањето. Истото е точно за фундаменталните права гарантирани со националното право, но кои не се стипулирани во текстот на РОЕНА.[7]

[4] Член 17, ставови 1-3 од РОЕНА.
[5] Член 3 од РОЕНА.
[6] Член 4 од РОЕНА; како дополнување, РОЕНА признава дека извршувањето може да биде предмет на одредени услови, член 5 од РОЕНА.
[7] Повеќе за ова, види: Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-396/11 Curtea de Apel Constanţa v. Ciprian Vasile Radu, 29 January 2013, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62011CJ0396& from=EN; Court of Justice, Judgment of the Court,

Како и да е, одлучувањето во случајот *N.S.* за правото на азил и Мислењето 2/13 за пристапувањето на ЕУ кон Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) сугерира промена во пристапот на СПЕУ *vis-à-vis* заемната доверба и признавањето. Без да се навлегува во детали и да се фокусираме на студијата на случајот, во случајот *N.S.* за правото на азил, СПЕУ држел дека националните судови не смеат да пренесат барател на азил на „одговорна држава-членка", каде што „не можат да бидат свесни дека систематските недостатоци во постапката за азил и во условите за прием на барателите на азил во таа држава-членка претставуваа значителни причини за верување дека барателот на право на азил ќе се соочи со вистински ризик да биде подложен на нечовечко или понижувачко постапување".[8] Во Мислењето 2/13, СПЕУ потврди дека државите-членки мора да претпоставаат дека другите држави-членки се повинуваат на фундаменталните права на ЕУ и тие не можат, освен во исклучителни случаи, да проверат дали другата држава-членка, во конкретен случај, ги почитувала фундаменталните права гарантирани од ЕУ.[9] Дали ова имплицира дека СПЕУ е подготвен да прифати дека повредата на фундаменталните права може, во исклучителни околности, да биде дополнителен и непишан основ за неизвршување на ЕНА? Ова било клучното прашање поднесено до СПЕУ во случајот *Aranyosi and Caldararu*.[10]

2. Пресудата на Судот на правдата на Европската унија

Во пресудата по случајот *Aranyosi and Caldararu* од 5 април 2016 година,[11] Судот, заседавајќи во Голем совет,[12] одлучувал – во итна постапка по претходно

Case C-399/11 Stefano Melloni v. Ministerio Fiscal, 26 February 2013, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62011CJ0399& from=en.

[8] Види: Court of Justice, Judgment of the Court, Joined Cases C-411/10 and C-493/10 N.S. v. Secretary of State for the Home Department and M. E. and Others v. Refugee Applications Commissioner and Minister for Justice, Equality and Law Reform, 21 December 2011, https:// eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62010CJ04 11&from=EN.

[9] Види: Court of Justice, Opinion 2/13 of the Court on the Accession of the EU to the European Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, 18 December 2014, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62013C V0002&from=EN.

[10] Пред случајот *Aranyosi and Caldararu*, СПЕУ успеа да избегне решавање на прашањето во случајот *Radu*. Во случајот, апликантот се противел на предавањето аргументирајќи дека не бил сослужан пред издавањето на ЕНА. Надлежниот национален суд го запрашал СПЕУ дали извршниот судски орган може да одбие извршување во случај на повреда на фундаменталните права на засегнатото лице наведени во ПОП. Како и да е, Судот се ограничи себеси во справување со прекршувањето на правото да се биде сослушан. Како што РОЕАН не препознава повреда на ова право како основ за неизвршување, СПЕУ побара извршување на ЕНА. За СПЕУ секој друг заклучок неизбежно би водел кон неуспех на ЕНА системот. Види: Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-396/11 Curtea de Apel Constanţa v. Ciprian Vasile Radu.

[11] Court of Justice, Judgment of the Court, Joined Cases C-404/15 and C-659/15 PPU Pal Aranyosi and Robert Caldararu, 5 April 2016, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ TXT/PDF/?uri=CELEX:62015CJ0404& from=EN.

[12] Според внатрешната организација, СПЕУ е поделен на Совети и секој Совет има претседател, именуван на една година. Судот заседава на пленарни седници или во полн состав во ситуации кога за секој предмет поединечно се именува судија известител за самиот предмет кој доставува образложение со кое упатува за тежината на самиот предмет. Доколку судијата известител смета дека се работи за предмет од сериозна природа, тогаш тој на судиите им предлага предметот да се додели на Големиот совет од 15 судии. Во спротивно, доколку судијата известител смета дека предметот не е од особена важност или значење во примената и толкувањето на правото, тој може да предложи предметот да

одлучување[13] – за можноста од одбивање да се изврши Европски налог за апсење доколку постои реален ризик за нечовечко или понижувачко постапување поради условите за притвор во држава-членка каде е издаден налогот за апсење. *Aranyosi* се однесува на ЕНА издаден во Унгарија барајќи предавње на романски државјанин обвинет за насилно влегување во куќа и кражба. Во *Caldararu*, романскиот суд издаде ЕНА за романски државјанин обвинет за возење без возачка дозвола. И двајцата, *Aranyosi* и *Caldararu* биле уапсени во Германија и во двата случаи извршниот орган имал двоумења дали ЕНА треба да бидат извршени. По добивањето на барањата за извршување на ЕНА од судовите на Унгарија и Романија, германскиот извршен орган утврдил дека условите за притвор на кои можеле да бидат подложни засегнатите лица во затворите на овие две држави-членки ги прекршува нивните фундаментални права, осовено членот 4 од ПОП кој забранува нечовечко или постапување или казнување.[14] Во таа насока, германскиот извршен орган особено се осврнал на неколку одлуки на Европскиот суд за човекови права (ЕКЧП) во кои е потврдено дека Романија и Унгарија ги прекршуваат основните човекови права како резултат на пренатрупоноста во нивните затвори.[15] Германскиот суд се обратил до СПЕУ во постапка по претходно одлучување за да добие насоки како дапродолжи со случајот.

Најпрво, СПЕУ ја потврди основата на ЕНА системот дека извршните судски органи мора да ги извршуваат ЕНА, освен во случаи на експлицитно признавање на условите за неизвршување. Како и да е, цитирајќи го мислењето 2/13 и индиректно повикувајќи се на одлуката во случајот *N.S.* кој се однесува на Даблин системот за азил,[16] СПЕУ всушност призна дека во „исклучителни околности“ може да се направат ограничувања во заемното признавање и заемната доверба.[17]

Понатаму, Судот упати дека забраната за нечовечко или понижувачко постапување или казнување, како што е утврдено во членот 4 од ПОП, е апсолутна забрана која е тесно поврзана со почитувањето на човековото достоинство како што е

се додели на некои од Судските совети од 3 или 5 члена. Од друга страна, Судот заседава пред Големиот совет, што е обврзувачко кога тоа го бара државата-членка или институција на ЕУ која ја покренува постапката.

[13] Според член 107 од Деловникот за работа на Судот на Правдата на Европската унија, итна постапка по претходно одлучување се покренува за едно или повеќе прашања кои се однесуваат на областа покриена со Поглавје 5 од Договорот за функционирање на Европската унија – Област на слобода, безбедност и правда, на барање на упатувачкиот суд или трибунал или на барање на самиот Суд. Види: Court of Justice, Rules of Procedure of the Court of Justice of 25 September 2012, OJ L 265, 29 September 2012, as amended on 18 June 2013, OJ L 173, 26 June 2013 and on 19 July 2016, OJ L 217, 12 August 2016.

[14] Види: Charter of Fundamental Rights of the European Union, OJ C 326, 26 October 2012, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:12012P/TXT&from=EN

[15] Повеќе за овие пресуди: European Court for Human Rights, Judgment of the Court, Varga and Others v. Hungary, Application No 14097/12, 45135/12, 73712/12, 34001/13, 44055/13 and 64586/13, 10 March 2015; European Court for Human Rights, Judgment of the Court, Vociu v. Romania, Application No. 22015/10, 10 June 2014.

[16] Подетално: European Parliament, Council of the EU, Regulation 604/2013 of the European Parliament and of the Council of 26 June 2013 establishing the criteria and mechanisms for determining the Member State responsible for examining an application for international protection lodged in one of the Member States by a third-country national or a stateless person (recast), OJ L 180, 29 June 2013, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri= CELEX:32013R0604&from=en.

[17] Court of Justice, Judgment of the Court, Joined Cases C-404/15 and C-659/15 PPU Pal Aranyosi and Robert Caldararu ..., op. cit., paragraph 82.

наведено во членот 1 од ПОП.[18] Според тоа, кога органот одговорен а извршување на налогот има во свое поседување доказ за реален ризик од такво постапување против притвореното лице во државата-членка издавач, мора да го процени таквиот ризик пред да донесе одлука за предавање на засегнатото лице. Извршувањето на ЕНА не смее да придонесе индивидуата да страда од нечовечко или понижувачко постапување.[19]

Во утврдувањето на таквиот ризик, СПЕУ побара од извршниот судски орган да се вклуи во анализа од два чекори. Првиот чекор се однесува на проценување на општите услови за притвор во државата-членка издавач. Извршниот судски орган мора да се потпира на „информација која е објективна, веродостојна, конкретна и соодветно ажурирана“ за условите за притвор со цел да потврди дали постојат недостатоци, кои може да бидат системски или општи, или да влијаат на одредена група на луѓе или пак да влијае на одредени места на притвор. Таквата информација може да се добие од пресуди на ЕСЧП, пресуди од судовите на државата-членка издавач, како и од одлуки, извештаи и документи изготвени од телата на Советот на Европа или кои потекнуваат од системот на ОН.[20]

Доколку извршниот судски орган заклучи дека постојат системски или општи недостатоци, мора да продолжи со вториот чекор, кој предвидува проценување на ризикот дека бараното лице може да биде изложено на нечовечко или понижувачко постапување. Онаму каде што таквиот ризик произлегува од општите услови за притвор во засегантата држава-членка, идентификацијата на таквиот ризик не може, само по себе, да води кон тоа извршувањето на налогот да биде одбиено.[21] Извршниот орган мора да направи специфична и точна проценка за тоа дали постојат значителни основи за да верува дека засегнатата индивидуа всушност ќе биде изложено на таков ризик поради условите во кои е предвидено дека ќе биде задржан во државата-членка издавач.[22] За таа цел, извршниот орган мора да побара од органот на издавање да ги обезбеди, како прашање на интост, сите потребни информации за условите на притворот во државата-членка издавач.[23] Доколку, во светло на обезбедените информации или било кои други достапни информации, извршниот орган утврди дека, за индивидуата која е предмет на налогот, постои реален ризик од нечовечко или понижувачко постапување, извршувањето на налогот мора да биде одложено се до обезбедување на дополнителни информации врз основ на кои таквиот ризик може да се намали. Ако постоењето на таков ризик не може да е намали за разумен период, извршниот орган мора да одлучи дали да ја заврши постапка за предавање на засегнатото лице.[24]

Пресудата по случајот *Aranyosi and Caldararu* е доста важна: повредата на право од ПОП, само по себе, може да биде основ за одложување, па дури и конешно неизвршување на ЕНА. Како дополнување на оние предвидени и признаени права според Правото на ЕУ, постојат ситуации во кои заштитата на фундаменталните права мора да надвладее во однос на целите на борбата против криминалот и да обезбеди брзо предавање на обвинетото или осудено лице. Заемната доверба не предвидува слепа

[18] Ibid, paragraph 85.
[19] Ibid, paragraph 88.
[20] Ibid, paragraph 89.
[21] Ibid, paragraph 91.
[22] Ibid, paragraph 92.
[23] Ibid, paragraph 95.
[24] Ibid, paragraph 104.

доверба. Во исто време, јасно е дека пресудата по случајот *Aranyosi and Caldararu* не може да се чита како да има воведено клаузула за општи фундаментални права, забранувајќи извршување и предавање секогаш кога постои повреда во државата-членка извршител. Обемот на правилото за разумно исклучување воведено со случајот *Aranyosi and Caldararu* е ограничено, иако неговите прецизни контури не се целосно јасни.

СПЕУ само ја изрази забраната за нечовечко и понижувачко однесување кое, како што е нагласено, е апсолутно и во тесна врска со човековото достоинство. Ова сугерира дека повредата само на ова право, најверојатно и на некои други апсолутни права, може да го оправда неизвршувањето на ЕНА. Сепак, не може да се исклучи дека повредата на неапсолутните права, како што е правото на семеен живот, правото на децата или правото на правично судење, исто така може да го оправдаат неизвршувањето на ЕНА. Интензитетот и сериозноста на повредата играат важна улога.[25]

Понатаму, СПЕУ дозволува одложување на извршувањето на ЕНА само кога постои доказ „за реален ризик од нечовечко и понижувачко постапување кон индивидуи кои се притворени во државата-членка издавач, имајќи ги во предвид стандардите за заштита на фундаменталните права гарантирани со Правото на ЕУ“.[26] Прво, може да се заклучи дека само состојбата со фундаменталните права во државата-членка издавач е релевантна, а не, како што Генералниот адвоката сугерирал во своето мислење, природата на кривичното дело за кое бараното лице е обвинето за негово сторување или за кое веќе е осудено.[27] Ако ваквото читање на случајот *Aranyosi and Caldararu* е точно, заклучокот е дека не само лице кое е виновно за возење без возачка дозвола, туку и осуден терорист може да биде предмет на нечовечко и понижувачко постапување и со право да се спротивстави на предавањето. Второ, од пресудата следува дека без разлика дали постои ризик од нечовечко и понижувачко постапување, тоа мора да се процени на основ на ЕУ стандардите, а не на основ на националните уставни стандарди применливи во државата-членка издавач и во државата-членка извршител.[28]

Покрај тоа, барањата на СПЕУ од судските власти во државата-членка извршител, прво да ги проценат општите услови за притвор во државата-членка издавач, а потоа да проценат дали засегнатото лице би било во ризик да биде изложено на нечовечко и понижувачко постапување. Затоа, фокусот мора да се стави на индивидуата и ризикот со кој може да се соочи. Не е јасно дали првиот чекор од анализата мора секогаш да се следи. Со други зборови, ако извршниот судски орган не нејаде доказ за општа или системска повреда на фундаменталните права во државата-членка издавач. Дали тоа имплицира дека може, не може или мора да ја запре анализата и да заклучи дека засегнатото лице нема да биде предмет на нечовечко и понижувачко постапување.

[25] Prechal, S., *Mutual trust before the Court of Justice of the European Union*, European Papers Vol. 2, 2017, pp. 75-92.

[26] Court of Justice, Judgment of the Court, Joined Cases C-404/15 and C-659/15 PPU Pal Aranyosi and Robert Caldararu …, Ibid.

[27] Court of Justice, Opinion of Advocate General Bot in Joined Cases C-404/15 and C-659/15 PPU Pal Aranyosi and Robert Caldararu, 3 March 2016, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62015CC0404 &from=EN.

[28] Court of Justice, Judgment of the Court, Joined Cases C-404/15 and C-659/15 PPU Pal Aranyosi and Robert Caldararu …, Ibid.

На пример, ако таков доказ не е пронајден, но извршниот судски орган има во поседување информации кои му даваат причина да верува дека предавањето на бараното лице со одредена сериозна ментална или физичка болест може да резултира со ризик од значително влошување на состојбата на неговото здравје, дали извршувањето на ЕНА претставува нечовечко или понижувачко постапување? Во ваква ситуација дали треба или не да се изврши ЕНА?[29]

Случајот *Aranyosi and Caldararu* ќе повлече повеќе упатувања во постапката по претходно одлучување за прецизно значење на обврските кои СПЕУ им ги наметнува на националните судови. Едно претходно упатување е веќе направено. Истиот национален суд кој го упати прашањето во случајот *Aranyosi and Caldararu* го запраша СПЕУ дали мора да ги процени условите за притвор само во првиот затвор во кој бараното лице треба да биде затворено по неговото предавање во државата-членка извршител или да ги процени и условите во затворот во кој лицето може дополнително да биде преместено?

3. Заклучок

Од нејзиното усвојување, РОЕНА системот предизвика дебати во поглед на нејзиниот недостаток од значителна заштита на човековите права. На почеток, СПЕУ не изгледал особено чувствителен на критиките и бил повеќе загрижен околу ефективноста на ЕНА системот во целина.

Како и да е, случајот *Aranyosi and Caldararu* обајснет во овој труд, открива еден поинаков тренд. СПЕУ сега дава поголемо значење на човековите права кои се видливи на различни начини во судската практика. Прво, иако СПЕУ експлицитно не спомнува, фундаменталните права може да создадат размислувања и интерпретации на одредбите на РОЕНА: Фундаменталните права создаваат таков „ефект во сенка“, на пример преку судската пракса во кои се барало толкување на одредби од РОЕНА за концептите на ЕНА и Националниот налог за апсење (во случајот (*Bob-Dogi*),[30] „судската власт и судското одлучување“(во случајот *Poltorak, Kovalkovas, Ozcelik*)[31] или „судење кое резултира во одлука“ (во случајот *Tupikas, Zdziaszek*).[32] Второ, СПЕУ ги користи фундаменталните права како алатка за интерпретација на РОЕНА. Ова е точно за некои случаи кои се однесуваат на ситуации во кои РОЕНА дозволува националните власти да лишат од слобода лице за кое е издаден ЕНА или неизвршување на ЕНА засновано

[29] СПЕУ сугерира афирмативен одговор кон ова прашање во случајот *C.K.* Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-578/16 PPU C.K. and Others v. Republika Slovenija, 16 February 2017, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62016 CJ0578&from=EN.

[30] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C 241/15 PPU, Niculaie Aurel Bob-Dogi, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62015CJ0241&from= EN.

[31] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-452/16 PPU Openbaar Ministerie v. Krzysztof Marek Poltorak, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri= CELEX:62016CJ0452&from=EN; Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-477/16 PPU Openbaar Ministerie v. Ruslanas Kovalkovas, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/ EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62016CJ0477&from=EN; Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-453/16 PPU Openbaar Ministerie v. Halil Ibrahim Ozcelik, https://eur-lex. europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62016CJ0453&from=EN.

[32] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-271/17 PPU Openbaar Ministerie v. Sławomir Andrzej Zdziaszek, 10 August 2017, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ TXT/PDF/?uri=CELEX:62017CJ0271&from=EN.

на непочитување на правото на правично судење. Трето, фундаменталните права може да служат како посебен основ за можна суспензија или неизвршување на ЕНА, како што е токму случајот *Aranyosi and Caldararu* или одбивање на екстрадиција во трети држави (случајот *Petruhhin*).[33]

Може да се претпостави дека СПЕУ ќе продолж да ги користи правата од ПОП кога ја интерпретира РОЕНА. Помалку е сигурно дека СПЕУ ќе се заснова на случајот *Aranyosi and Caldararu* и ќе им остави на извршните органи повеќе простор за неизвршување на ЕНА на основ на повреда на фундаменталните права. Важна причина за ова е дека СПЕУ не е и не се смета себеси , за единствензаштитник на таквите права. Законодавството на ЕУ, исто така, има улога. Прво, судската пракса открива дека, што се однесува до СПЕУ, законодавството на ЕУ е должно да утврди по кои основи или во кои ситуации може да биде одбиено извршувањето на ЕНА со принципот на заемно признавање. Второ, законодавството на ЕУ може да ги следи целите за истовремено обезбедување на ефективноста на ЕНА и заштитата на фундаменталните права со усвојување на легислатива која хармонизира одредени аспекти на кривичното право или постапка. Во изминативе години, ЕУ усвои серија на акти како што се правото на информирање, толкување и преведување во кривичната постапка,[34] пресумпцијата на невиност[35] и собирањето на докази.[36] Таквите мерки на хармонизација промовираат заемна доверба и ја намалуваат потребата од исклучоци за заемното признавање на судските одлуки во рамки на РОЕНА.

Така, иако фундаменталните права се чини дека играат важна улога во судската пракса, тоа не значи дека СПЕУ презема голема одговорност за заштитата на таквите права. Напротив, им остава на заонодавните тела на ЕУ да направат соодветна рамнотежа меѓу обезбедувањето на ефективноста на РОЕНА и заштитата на фундаменталните права. СПЕУ му остава на законодавецот широко поле за проценка и најверојатно ќе интервенира и преземе одговорност само во исклучителни ситуации.

Користена литература

Charter of Fundamental Rights of the European Union, OJ C 326, 26 October 2012, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:12012P/ TXT &from= EN;

Council Framework Decision 2002/584/JHA on the European arrest warrant and the surrender procedures between Member States, OJ L 190/1, 13 June 2002, as amended by Council Framework Decision 2009/299/JHA amending Framework Decisions 2002/584/JHA, 2005/214/JHA, 2006/783/JHA, 2008/909/JHA and 2008/947/ JHA, thereby enhancing the procedural rights of persons and fostering the application of the principle of mutual

[33] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-182/15 Aleksei Petruhhin, 6 September 2016, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62015CJ0182& from=EN.

[34] European Parliament, Council of the European Union, Directive 2010/64/EU on the right to interpretation and translation in criminal proceedings, OJ L 280/1, 20 October 2010; European Parliament, Council of the European Union, Directive 2012/13/EU on the right to information in criminal proceedings, OJ L 142/1, 22 May 2013.

[35] European Parliament, Council of the European Union, Directive 2016/343/EU on the strengthening of certain aspects of the presumption of innocence and of the right to be present at the trial in criminal proceedings, OJ L 65/1, 9 March 2016.

[36] European Parliament, Council of the European Union, Directive 2014/41/EU regarding the European Investigation Order in Criminal Matters, OJ L 130/1, 3 April 2014.

recognition to decisions rendered in the absence of the person concerned at the trial, OJ L 81/24, 26 February 2009;

Court of Justice, Judgment of the Court, Case C 241/15 PPU, Niculaie Aurel Bob-Dogi, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:620 15CJ0241&from= EN;

Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-182/15 Aleksei Petruhhin, 6 September 2016, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri= CELEX:62015CJ0182& from=EN;

Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-271/17 PPU Openbaar Ministerie v. Sławomir Andrzej Zdziaszek, 10 August 2017, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ TXT/PDF/?uri=CELEX:62017CJ0271&from=EN;

Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-396/11 Curtea de Apel Constanţa v. Ciprian Vasile Radu, 29 January 2013, https://eur-lex.europa.eu/legal-content /EN/TXT/ PDF /?uri=CELEX:62011CJ0396&from=EN;

Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-399/11 Stefano Melloni v. Ministerio Fiscal, 26 February 2013, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/ PDF/?uri=CELEX:62011CJ0399& from =en;

Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-452/16 PPU Openbaar Ministerie v. Krzysztof Marek Poltorak, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/ PDF/?uri= CELEX:62016CJ0452&from=EN;

Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-453/16 PPU Openbaar Ministerie v. Halil Ibrahim Ozcelik, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/? uri=CELEX:62016CJ0453&from=EN;

Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-477/16 PPU Openbaar Ministerie v. Ruslanas Kovalkovas, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/? uri=CELEX :62016CJ0477&from=EN;

Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-578/16 PPU C.K. and Others v. Republika Slovenija, 16 February 2017, https://eur-lex.europa.eu/legal-content /EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62016CJ0578&from=EN;

Court of Justice, Judgment of the Court, Joined Cases C-404/15 and C-659/15 PPU Pal Aranyosi and Robert Caldararu, 5 April 2016, https://eur-lex.europa.eu/ legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62015CJ0404& from =EN;

Court of Justice, Judgment of the Court, Joined Cases C-411/10 and C-493/10 N.S. v. Secretary of State for the Home Department and M. E. and Others v. Refugee Applications Commissioner and Minister for Justice, Equality and Law Reform, 21 December 2011, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN /TXT/ PDF/?uri=CELEX:62010CJ0411&from= EN;

Court of Justice, Opinion 2/13 of the Court on the Accession of the EU to the European Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, 18 December 2014, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ TXT/PDF/?uri=CELEX:62013CV0002 &from=EN;

Court of Justice, Opinion of Advocate General Bot in Joined Cases C-404/15 and C-659/15 PPU Pal Aranyosi and Robert Caldararu, 3 March 2016, https://eur-lex. europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62015CC0404&from= EN;

Court of Justice, Rules of Procedure of the Court of Justice of 25 September 2012, OJ L 265, 29 September 2012, as amended on 18 June 2013, OJ L 173, 26 June 2013 and on 19 July 2016, OJ L 217, 12 August 2016;

European Court for Human Rights, Judgment of the Court, Varga and Others v. Hungary, Application No 14097/12, 45135/12, 73712/12, 34001/13, 44055/13 and 64586/13, 10 March 2015;

European Court for Human Rights, Judgment of the Court, Vociu v. Romania, Application No. 22015/10, 10 June 2014;

European Parliament, Council of the EU, Regulation 604/2013 of the European Parliament and of the Council of 26 June 2013 establishing the criteria and mechanisms for determining the Member State responsible for examining an application for international protection lodged in one of the Member States by a third-country national or a stateless person (recast), OJ L 180, 29 June 2013, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32013R0 604&from=en;

European Parliament, Council of the European Union, Directive 2010/64/EU on the right to interpretation and translation in criminal proceedings, OJ L 280/1, 20 October 2010;

European Parliament, Council of the European Union, Directive 2012/13/EU on the right to information in criminal proceedings, OJ L 142/1, 22 May 2013;

European Parliament, Council of the European Union, Directive 2016/343/EU on the strengthening of certain aspects of the presumption of innocence and of the right to be present at the trial in criminal proceedings, OJ L 65/1, 9 March 2016;

European Parliament, Council of the European Union, Directive 2014/41/EU regarding the European Investigation Order in Criminal Matters, OJ L 130/1, 3 April 2014;

Prechal, S., Mutual trust before the Court of Justice of the European Union, European Papers Vol. 2, 2017.